**20203114252**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 23 декември 2020 година.

Бр. 08- 4662/1
23 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19 и 275/19), во член 14 во ставот 1 по зборовите: „супсидијарна заштита,“ се додаваат зборовите: „како и лице кое не е евидентирано во матична книга на родени, а има извод од посебна матична книга на родени и идентификациона исправа,“.

Член 2

Во член 40 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од ставот 2 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), домаќинството од ставот 1 на овој член се исклучува од користење на правото на гарантираната минимална помош во наредните три месеци.“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 3

Во член 46 во ставот 1 по зборот „тројца“ се додаваат зборовите: „членови и нивни заменици,“.

Член 4

Во член 51 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Стручните комисии од ставот 1 на овој член, ги формира министерот за здравство на предлог на јавните здравствени установи од ставот 2 на овој член.“.

Ставот 3 станува став 4.

Во ставот 4 кој станува став 5 зборовите: „став 3“ се заменуваат со зборовите: „став 4“.

Ставот 5 станува став 6.

Во ставот 6 кој станува став 7 зборовите: „ставовите 3 и 5“ се заменуваат со зборовите: „ставовите 4 и 6“.

Ставовите 7 и 8 стануваат ставови 8 и 9.

Член 5

Во член 72 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Услугите на стручна помош и поддршка на згрижувачки семејства опфаќаат помош и поддршка на згрижувачките семејства преку проценка, подготовка и обука на идните згрижувачки семејства, промоција, следење и давање предлози за подобрување на услугата згрижување во згрижувачко семејство.“.

Член 6

Во член 85 во ставот 3 по зборот „се:“ се додаваат зборовите: „лице кое имало статус на“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Услугата од ставот 1 на овој член, се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година.“.

Член 7

Во член 110 по алинејата 5 се додаваат две нови алинеи 6 и 7, кои гласат:

„- води евиденција за учествата на обуки и дополнителните професионални активности на стручните работници даватели на социјални услуги,

- врши евалуација на реализираните програми за едукација и најмалку еднаш годишно доставува извештај за евалуацијата на програмите до Комисијата за одобрување на програми за континуирана професионална едукација.“.

Член 8

Во член 111 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Одредбите од членовите 163, 164, 165, 166 и 167 од овој закон, кои се однесуваат на добивање дозвола за вршење работи од социјална заштита, соодветно се применуваат и за основање и вршење на работи на центар за поддршка на згрижувачки семејства.“.

Член 9

Во член 236 во ставот 2 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- општа лиценца за вршење стручна работа во центарот за социјална работа (социјален работник, правник, педагог, психолог, дефектолог и логопед),

- општа лиценца за вршење стручни работи во установа за вон-семејна заштита, кај други даватели на социјални услуги (живеење со поддршка, во домот, во заедницата и советување), во центар за социјални услуги и во центар за поддршка на згрижувачки семејства.“.

Член 10

Во член 240 во ставот 1 алинејата 2 се менува и гласи:

„- општ стручен испит за вршење на стручна работа во установа за вон-семејна заштита, кај други даватели на социјални услуги (живеење со поддршка, во домот, во заедницата и советување), во центар за социјални услуги и во центар за поддршка на згрижувачки семејства.“.

Член 11

Во член 245 во ставот 1 алинејата 4 се брише.

Член 12

Членот 248 се менува и гласи:

„Комисијата за одобрување на програми за континуирана професионална едукација спроведува постапка и одобрува програма за континуирана професионална едукација.

Комисијата од ставот 1 на овој член, најмалку еднаш годишно објавува јавен повик на веб-страницата на Министерството и на Заводот за социјални дејности, за одобрување на програми за континуирана професионална едукација во дејноста на социјалната заштита.

Во јавниот повик од ставот 2 на овој член, се наведуваат условите, критериумите, потребната документација и рокот за поднесување на програмите и рокот за разгледување на програмите.

Комисијата од ставот 1 на овој член, ги разгледува пријавите за одобрување на предлог програма за континуирана професионална едукација кои се целосни и навремени, оценува дали програмата ги исполнува критериумите од јавниот повик и во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на програмите доставува мислење до Заводот за социјални дејности.

Заводот за социјални дејности, во рок од 30 дена од денот на добивање на мислењето од ставот 4 на овој член, одлучува за внесување на програма за континуирана професионална едукација во електронски регистар на одобрени програми, за што го известува подносителот на предлог програмата за континуирана професионална едукација, во рок од осум дена од денот на одлучувањето.

Поблиските критериуми за одобрување на програмите за континуирана професионална едукација во дејноста социјална заштита, содржината на регистарот на одобрени програми за професионална едукација, пријавата за одобрување предлог програма за континуирана професионална едукација и листата на групи на програми, области и бодови на програмите за континуирана професионална едукација, ги пропишува министерот.“.

Член 13

Програмата за полагање на испит ќе се усогласи со одредбите од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Стручните работници вработени во установите за социјална заштита до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да работат со лиценцата за работа од комисијата за лиценцирање стекната до денот на влегувањето во сила на овој закон, до истекот на важењето на истата.

Стручните работници вработени во установите за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги до денот на влегувањето во сила на овој закон, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не се стекнале со лиценца за работа, се должни да поднесат барање за издавање на лиценца во рок три месеци од денот на донесувањето на Програмата за полагање на испит.

До стекнување на посебна лиценца за водител на случај во центар за социјална работа, постојните стручни работници продолжуваат да ги вршат работите од водење на случај, а најдоцна 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постапките за издавање, обновување и продолжување на лиценците за работа започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 15

Вработените даватели на јавни услуги кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, немаат соодветен вид и степен на образование, продолжуваат да ја вршат работата на работното место на кое се вработени до денот на влегувањето во сила на овој закон, а најдоцна 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 16

Установите и другите правни лица кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, ќе ја усогласат својата работа и статутот на установата, односно на правното лице со одредбите од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

Член 18

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.